До
Собранието на
Комората на овластени архитекти и овластени инженери

Согласно на член 19 од Статутот на Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија, Надзорниот одбор на комората го поднесува следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

Надзорниот одбор на Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија во состав д-р Петар Цветановски, Претседател на Надзорниот Одбор, Владко Тодоровски член на Надзорниот Одбор и д-р Златко Србиноски заменик член на Надзорниот Одбор, на 10.02.2015 година изврши контрола на материјално финансиското работење и на завршната сметка за 2014 година на Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија.

Од страна на раководството на Комората беа доставени сите потребни податоци за материјално финансиското работење и беа детално образложени расходните ставки од завршната сметка. Истовремено беше доставена компаративна анализа на материјалното финансиско работење во 2013 и 2014 година.

Приходните ставки се во рамките на планираните вредности. Констатирано е дека бројот на активни членови на Комората е околу 2500.

Расходните ставки се, исто така, во рамките на планираните вредности. Треба да се нагласи дека во 2014 година беше извршено купување на деловен простор, ставка 2.21 од Извештајот.

Од извршената контрола може да се констатира дека материјално финансиското работење на КОАИ е согласно на Статутот и актите на Комората.

Претседателот на Комората информираше и за главните активностите на Комората во извештајната година и реализацијата на предложенит план за работа.

Скопје, 11.02.2015год.

**Претседател на Надзорниот одбор**

д-р Петар Цветановски